ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1220/2
04.03.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-450/1 од 17.02.2025 година, поднесено о[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1220/1 од 17.02.2025 година, поднесено о[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

1.Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?
2.Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
3.Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
4.Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?
5.Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?
6.Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УВАЖУВА.**

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

1.Во 2024 година вработените во Општина Велес не учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини.
2.Општина Велес секојдневно испорачува услуги кон граѓаните, физички и правни лица, но нема податок за вкупен број на услуги.
3.Линк од е-услуги на Оштина Велес. Нема податок за вкупен број на испорачани е-услуги.
4.Општина Велес континуирано врши дигитализација на услугите. Во 2022 година Општина Велес беше една од општините што го започна и реализираше проектот „Македонски модел на е-општина", со поддршка на UNDP и дигитализираше голем дел од своите услуги кон граѓаните. Во прилог линкови од е-услуги.
5.Општина Велес не спроведе анкетирање на граѓани во 2024 година за нови општински услуги.
6.Општина Велес континуирано работи на унапредување и усовршување на постапките за издавање на услугите кон граѓаните, што значи дека и во тековната година ќе ја продолжи истата пракса.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*